www.upoz.org.mk

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

Синдикален Билтен

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 44 (4) ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2006

### ШЕСТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 16.11.2006 ГОДИНА

# Отпочнат дијалог – за почеток добро

**Информацијата за остварените разговори со потпретседателот и министрите на Владата на РМ за прашањата и проблемите во органите на управата и правосудните органи како и информацијата во врска со активностите и почетокот на преговорите околу усогласувањето на Општиот колективен догор за јавниот сектор во РМ, беа главните теми по кои се расправаше на Шестата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ што се одржа во Струга.**

Врз основа на заклучокот од претходната Петта сеница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ за отпочнување на разговори со министрите и други раководни лица од органите на управата и правосудството на новата Влада, беше направен оперативен план и беа испратени писма со барање за реализација на првични средби меѓу Синдикатот на УПОЗ и министрите. До одржувањето на седницата на Претседателството беа остварени средби со министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски, министерот за правда Михајло Маневски, министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство Аце Спасеновски, Министерот за труд и социјална политика Љупчо Мешков, министерот за одбрана Лазар Еленовски како и директорот на Царинската управа на РМ Ванчо Каргов и директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ Васе Доревски. Според воведните напомени на претседателот Ванчо Муратовски, од овие средби како почетни, ►►►►►




**СРЕЌНА НОВА 2007 ГОДИНА**

со претставниците на новата Влада, можеме да бидеме задоволни бидејќи на истите беа покренати актуелните прашања на вработените, проблемите со платите и надоместоците од плата и условите за работа како и активностите кои претстојат околу потпишувањето на поединечните колективни договори (на ниво на работодавач).
Како што истакна воведничарот, претседателот Муратовски, тоа ни дава за право да констатираме и да се надеваме дека новата Влада доследно и автентично ќе го практикува социјалното партнерство.
Но не треба да заборавиме на досегашните искуства што како синдикат ги имаме – почетокот на разговорите со секоја Влада е добар, но кога ќе дојде до решевање на конкретните прашања, тогаш искрснуваат проблемите, почнуваат ескиважите од страната на власта, „купување време“ и сл. Иако не треба да бидеме скептични уште на самиот почеток, сепак треба да бидеме внимателни, солидарни и единствени во барањата за реализирање на заложбите на синдикатот за подобри плати и услови за работа, за колективни договори со поголеми права и пред се нивно доследно почитување.




## Новото работно време е неприфатливо – одлуката на Владата е избрзана

На средбата со потпретседателот на Владата Зоран Ставревски меѓу друго беа покренати и двете прашања кои во овој момент најмногу ги загрижува вработените од јавниот сектор – промената на работното време и исплатата на платите преку платежни картички. По изнесените аргументи од страна на претставниците на синдикатот во врска со Одлуката на Владата за промена на работното време (од 8,30 до 16,30 часот) која е избрзана, недоволно аргументирана и непромислена, беше побарано Владата на првата седница да ја одложи промената на истата. Синдикатот не сака да биде кочничар на идеите за реформи и новитети во работата на јавната администрација, но е против избрзани одлуки и побара за вакви крупни прашања претходно да биде информиран и консултиран, како би можел сите добри предлози да ги поддржи и да ги афирмира меѓу своето членство.
Како што беше изнесено на седницата, потпретседателот Ставревски ги прифатил аргументите на синдикатот како оправдани, покажал разбирање за неговите реакции и ветил дека во иднина за вакви прашања синдикатот ќе биде информиран и консултиран. Во тие рамки и претставниците на синдикатот покажале разбирање и ги прифатиле аргументите на Владата за почетокот на работното време во зимскиот период.
Што се однесува пак до барањето на синдикатот за одлагање на примената на споменатата одлука, потпретседателот Ставревски рекол дека ќе ја информира Владата на првата седница и синдикатот ќе биде информиран за ставот на Владата.
Иако изминаа повеќе од два месеци од средбата и примената на новото работно време, до синдикатот не стигна никакво известување што и дали Владата воопшто расправала и што одлучила.
Меѓутоа, независно од тоа дали Владата дополнително ќе се произнесе, ќе го прифати или ќе го одбие предлогот на синдикатот, Синдикатот на УПОЗ покрена акција со која ќе ги анкетира сите синдикални норганизации со цел да се изјаснат дали се „за“ или „против“ новото работно време.
Изјаснувањето ќе трае до крајот на ноември а потоа Синдикатот на УПОЗ јавно ќе ги соопшти резултатите.
На седницата беа изнесени мислења дека ниту една установа од јавниот сектор не ја прифаќа промената и доколку резултатите од анкетата го потврди тоа а Владата не ја преиначи одлуката, синдикатот ќе ги повика своите членови на бојкот и непочитување на новото работно време со што би работеле по старото работно време од 8,00 до 16,00 часот.
Во врска пак со Одлуката за исплата на платите преку платежни картички, претставниците на синдикатот го истакнаат ставот дека ►►►►►

# Донесена одлука за одржување на 18 -тата синдикална школа

Членовите на Претседателството на Шестата седница расправаа и околу одржувањето на 18 -тата по ред синдикална школа. И овојпат беше истакната потребата од продолжување на овој вид едукација на членството бидејќи изминатите синдикални школи ја покажа оправданоста од нивното одржување. Така на седницата беше донесена Одлука 18 -тата синдикална школа да се одржи во традиционалниот термин односно третата недела на февруери (од 22 до 24.02.2007 година). Темите,предавачите и местото на одржување на школата дополнително ќе бидат одредени.

►►►►►

и за оваа новина не се информирани и консултирани и дека има многу нејаснотии заради кои постојат многу дилеми кај вработените кои се обраќаат до синдикатот и бараат помош. Затоа, како и при донесувањето на одлуката за промената на работното време така и за оваа одлука, претставниците на синдикатот истакнаа дека не се против оваа новина, но сакаат појаснувања. Доколку се добијат дополнителни информации и истите се прифатливи, синдикатот е подготвен да го прифати предлогот, да го поддржи и афирмира меѓу членството.
Потпретседателот Ставревски информирал дека вработените не треба воопшто да бидат загрижени и да се сомневаат во новините што ги нуди платежната картичка.
Како прво, секој вработен е должен до 25 ноември 2006 година да земе дебитна картичка од било која деловна банка за која по сопствен избор ќе се определи, зависно од условите кои тие ги нудат. Со тоа тие стекнуваат право на тековна сметка и чекови, нема да се наплаќа членарина и провизија, ќе биде дозволено пречекорување од една до три плати, исплатата на платата ќе оди постапно – 25 насто од платата за ноеври ќе биде уплатена на платежната картичка, по два месеци уште 25 насто и заклучно со април таа целосно ќе се исплатува на платежна картичка. При оваа беа истакнати уште низа поволности што ги нуди овој начин на плаќање. За таа цел во Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа работна средба со претставниците на деловните банки на кои тие ги изнесоа предностите на платежната картичка а синдикатот од нив побара тие уште повеќе да ги намалат каматите за минусното салдо.
Сумирајќи ја расправата, на седницата беше заклучено дека овој проект на Владата треба да се поддржи како оправдан и да им се препорача на членовите и тие да го прифатат бидејќи овозможува многу поволности и е во согласност со светските и европските тенденции за намалување на готови пари во промет и афирмација на безготовинското плаќање.

### Преговорите за Општиот колективен договор во „ќор сокак"

Иако по денесувањето на новиот Закон за работни односи социјалните парнери имаа обврска во рок од шест месеци (најдоцна до 5.02.2006 година) да го усогласат Општиот колективен договор за јавниот сектор со одредбите на Законот, тоа не се случи. Поранешната Влада како воопшто и да не сакаше и да разговара за ова прашање и се до изборите се одржа само една средба а преговори практично и не отпочнаа.
За жал истата тактика ја применува и новата Влада и три месеци по нејзиното инаугурирање таа не покажува иницијатива за переговори. Наместо преговори таа избра нова тактика, допишувајќи се со синдикатот и барајќи му некакви податоци за бројот на членови, уплата на синдикалната членарина и други небулози. За среќа такви одредби нема во Законот за работни односи па од тие причини неразбирливо е за синдикатот која е целта на новата Влада. Дали таа сака да ги одлага преговорите до бескрај, дали воопшто сака да ги направи усогласувањата со новите одредби од Законот или пак и самата е свесна дека нејзиниот предлог – текст кој е мошне рестриктивен и задира по неколку утврдени права, синдикатот во никој случај нема да ги прифати. Од овие позиции веројатно произлегуваат и сите активности што ги прави Министерството за труд и социјална политика се со цел да го оддолжи стартот на преговорите.
Притоа ова министерство си зема ингеренции кои не му припаѓаат како што е утврдување на репрезентативноста на синдикатите, иако тоа согласно Законот за работни односи е обврска на судот и тоа треба да го прават синдикатите кои претендираат на репрезентативност и кои досега ниту биле потшписници на Општиот колективен договор ниту пак покренале постапка пред суд за докажување на репрезентативноста.
Но како и да е, колку и да сака Владата да ги пролонгира преговорите, синдикатот нема да отстапи од своите ставови дека ССМ е легитимен социјален партнер и потписник на Општиот колективен довор а посебно нема да отстапи и по предлозите за рестрикција на некои права кои ги предлага Владата.
Во прилог оди и фактот што одредбите на постојниот колективен договопр важат и истите треба да се применуваат.

**ЗА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ, СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА И КАЗНЕНО – ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ**



# Последно предупредување до надлежните

По одржаната средба на 18 октомври меѓу претставниците на Синдикатот на УПОЗ, на чело со претседателот Ванчо Муратовски и претставниците на Министерството за правда, на чело со миинистерот Михајло Маневски се чинеше дека за решавање на проблемите во правосудните органи, судската полиција и казнено – поправните установи има надеж. Ваквиот заклучок можеше да се изведе врз основа на неколку факти.
Како прво, до првата средба меѓу синдикатот и министерството дојде само неколку дена по писменото барање за средбата од страна на синдикатот. Потоа, на средбата покрај министерот учествуваа сите негови најблиски соработници, заменик министерот, државниот секретар и други соработници.
На средбата, по којзнае кој пат беа изнесени проблемите со платите, надоместоците и условите за работа со цел да се продолжи кон изнаоѓање на излезни решенија.
Средбата беше завршена со заклучокот дека во најскоро време ќе бидат реализирани поединечни средби за проблемите во правосудните органи, за судската полиција и за Казнено – поправните установи.
Меѓутоа деновите одминуваа а од министерството немаше никаква најава за одржување преговори.
Несакајќи да биде само обичен субјект кој бесконечно може да чека а имајќи предвид дека секоја власт е глува за барањата на синдикатот, Синдикатот на УПОЗ одлучи да одржи два состаноци и да го покани министерот и претседателот на Врховниот суд да дојдат во Синдикатот и пред неговите членови да ги изнесат предлозите за разрешување на проблемите кои предолго се актуелни.
На состанок што се одржа на 23 ноември со претставниците на судската полиција и казнено – поправните установи, Министерот за правда го испрати својот Шеф на кабинетот. Неговите овластувања не му даваат за право да преговара или било што да понуди како решение за кое ќе се преговара. Едноставно тој ги сослуша проблемите и вети дека ќе го извести министерот. Истовремено тој порача дека синдикатот треба да има трпение и дека проблемите не можат така брзо да се решат. Очигледно и во ваквиот одговор на претставникот на Министерството за правда може да се препознае старата пракса на секоја нова Влада, се да почнува од почеток, заборавајќи го притоа фактот кој што им беше предочен - Синдикатот на УПОЗ повеќе од една и пол година бараше, разговараше и преговараше со претставниците на претходната Влада. Предвремените избори го одложија нивното решавање и немаше конечниот епилог. На состанокот беше заклучено дека Синдикатот предолго чека на конкретен одговор и дека старата практика на „купување време“ продолжува. Од овие причини се наметна заклучокот да се остави рок до 15 декември до кога мора да се одржи средба и преговори. Зависно од она што ќе се понуди на преговорите, Синдикатот ќе се договори за натамошните чекори на своите активности. Претставниците на судската полиција побаараа доколку преговорите не дадат резултат, после 20 декември (датумот дополнително ќе биде утврден) да се организира протест на сите судски полицајци од Република Македонија пред Врховниот суд .
Набрзо се одржа уште една средба, на 27 ноември, овојпат само за проблемите на вработените во правосудните органи – платите на недржавните службеници и државните службеници со ниски звања кои со декомпресијата на платите добија минимално и незначително покачување на платите. Повторно ист однос од одговорните, Министерот за правда иако поканет и неколкупати замолен да присуствува на седницата повторно го прати својот Шеф на кабинетот. Другиот поканет, претседателот на Врховниот

*Писмо од Кабинетот на претседателот на Врховниот суд*

## Претседателот вели дека е ненадлежен

На поканата да присуствува на состанокот со претставниците на правосудните органи на кој се раправаше за проблемите на ниските плати на судската администрација, претседателот на Врховниот суд Дане Илиев повторно не дојде на средбата. Овојпат направи "чекор напред" во однос на неговото игнорантско однесување на поканите да се сретне со претставниците на Синдикатот. Овојпат испрати писмо преку својот Шеф на Кабинетот со следнава содржина:

***„Во врска со Вашето писмено обраќање до Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, по запознавање со содржината на дописот, Ве известуваме дека Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија не е надлежен за прашањето на платите на вработените во судовите. Платите се утврдени со закон а социјален партнер на Синдикатот е Владата на Република Македонија.“***

Шеф на Кабинетот
на Претседателот на Врховниот суд
на Република Македонија

Лидија Таневска -Јадровска

**УПАТЕНИ ПИСМА ДО ОДГОВОРНИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ПРАВОСУДСТВОТО**

# Последен апел

Во Врска со барањата за решавање на проблемите на платите во правосудните органи, судската полиција и казнено – поправните установи, со цел да ја интензивира својата активност, Синдикатот на УПОЗ упати писмо на неколку релевантни адреси за решавање на проблемите. Имајќи предвид дека претседателот на Врховниот суд во својство на претседател на судскиот буџетски совет избегнува да преговара со претставниците на синдикатот, УПОЗ испрати писмо до сите членови на Судскиот буџетски совет со цел барем кај нив да ја пробуди свеста дека се одговорни за решавање на проблемите на вработените во правосудството и на првата седница да иницираат расправа за проблемите.
Писмо со идентична содржина беше испратено лично и до претседателот на Врховниот суд Дане Илиев и министерот за правда Михајло Маневски. Писмата претставуваат последен апел претставниците на извршната и судската власт да се заложат за конкретни активности и конечно процесот на вистински преговори да отпочне.
Во прилог на текстов објавуваме дел од нивната содржина.
Во писмото упатено до министерот за правда Михајло Маневски меѓу другото се бара тој како член на Судскиот буџетски совет и како министер за правда да ги постави проблемите на вработените во правосудните органи при што му се укажува дека нерешавањето и одлагањето на овие проблеми може да предизвика реакции на незадоволство меѓу вработените што овој проблем повеќе од две години надлежните не сакаат да го решат или да се зафаат со негово решавање.
Во писмото пак упатено до претседателот Дане Илиев се укажува дека во членот 5 од Законот за Судскиот буџетски совет децидно се наброени прашањата за кои тој е надлежен. Затоа тој се предупредува дека е можен бојкот на извршувањето на работните задачи а можен е и штрајк.
Во писмото тој се предупредува дека доколку не ги надмине бариерите и не прифати преговори ќе биде одговорен за сите евентуални последици кои можат да настанат а синдикатот ќе биде приморан да ги извести сите синдикални организации во кои членува, Меѓународната организација на трудот, Светската и Европската синдикална организација на синдикатите од јавниот сектор како и Советот на Европа.
Во писмото упатено **до сите членови на Судскиот буџетски совет** од нив се бара да дадат сопствен придонес како членови на Советот и на првата седница да ги постават на дневен ред Барањата на синдикатот.
Покрај другото Синдикатот на УПОЗ ги потсетува членовите на Советот дека е добро да отпочнат преговори и заради фактот што наскоро треба да отпочнат преговорите за потпишување на Посебниот колективен договор за вработените во правосудните органи.

суд во својство на претседател на Судскиот буџетски совет кој подолго време се огласува за ненадлежен за проблемите на вработените во правосудството, по којзнае кој пат, не дојде на средбата во Синдикатот. Овојпат само не „удостои“ со писмено известување дека „тој не е надлежен за платите на вработените во судовите“.
Порано ни тоа не го правеше, едноставно се однесуваше игнорантски.
Атмосферата, дискусиите и се друго на овој состанок беа идентични како и на претходниот, ги немаше вистинските преговарачи, луѓето кои треба да одговорат на барањата на синдикатот и да кажат кога конечно и како ќе ги решат актуелните проблеми со платите и надоместоците од плата.
Заклучокот беше идентичен како и на состанокот на судската полиција и КПУ, на надлежните да им се даде рок за преговори најдоцна до 15 декември и зависно од она што ќе биде понудено како предлог, ќе бидат договорени натамошните активности на Синдикатот.
Меѓутоа, трпението е при крај и секој негативен одговор и игнорантски одговор ќе предизвика штрајк во правосудните органи.
Дали податокот што на 11 декември, значи во побараниот рок е закажана средба во Министерството за правда може да биде некаква надеж за разрешување на проблемите, ќе покаже самата средба. Синдикатот, односно неговите членови имаа и трпение и разбирање, но очигледно помината е секоја граница на толеранција а незадоволството кај вработените е огромно.

## СОГЛАСНО ЗАКЛУЧОКОТ ОД ПЕТТАТА СЕДНИЦА

# Остварени средби со министри и други раководни лица

Расправајќи за актуелните прашања кои стојат пред синдикатот и воспоставување на социјален дијалог со новата власт, Претседателството на Синдикатот на УПОЗ заклучи што поскоро да дојде до средба со сите министри и раководни лица во својство на работодавачи, со цел да отпочнат разговорите за разрешување на актуелните прашања. За таа цел Синдикатот на УПОЗ и официјално со писмо се обрати до сите министри.
Првата средба беше остварена на 17 октомври во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на која покрај министерот Ацо Спасеновски учествуваше и заменик министерот. На состанокот се разговараше околу проблемите на вработените, платите и надоместоците а беше покренато и прашањето за потпишување на колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Ден подоцна, на 18 октомври претставници на Синдикатот на УПОЗ имаа средба во Министерството за правда. На средбата покрај министерор Михајло Маневски учествуваа неговиот заменик, државниот советник и други негови соработници. По изнесените проблеми со платите и условите за работа на вработените во судската администрација, судската полиција и казнено – поправните установи како и за проблемите на вработените во министерството, беше договорено во наредниот период од две – три недели да се организираат поединечни средби за преговори на кои засебно ќе се разговара за судската администрација, судската полиција, казнено - поправните установи и за вработените во министерството.
На таквите поединечни состаноци би се разговарало за проблемите и би се барале решенија за нивно разрешување.
Претходно претседателот Ванчо Муратовски остари средба и со Министерот за одбрана Лазар Еленовски на која беа договорени начините на идната соработка и разрешување на сеуште актуелните проблеми на вработените во Воената болница, нејзината евентуална трансформација и почитување на одредбите од колективниот договор.
Во рамките на активностите околу потпишување на усогласениот текст на Општиот колективен договор, беа остварени неколку средби и со Министерот за труд и социјална политика Љупчо Мешков.
На 30 октоври се одржа состанок и со Министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски на која беше покренато прашањето со 70 - те нераспоредени работници кои требаше да бидат преземени од локалната власт. Претставниците на синдикатот побараа доследно почитување на законите и одлуките на Владата во врска со овој проблем.
Беа покренати и други актуелни прашања за вработените во ова министерство. Дел од нив ќе бидат покренати и ќе се преговара на наредните средби.
Во изминатиот период беа остварени средби и со директорот на Царинската управа на Македонија, Управата за јавни приходи и Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ. И на овие средби се разговараше за прашањата кои се актуелни, почитување и доследна примена на колективните договори, иницијатива за нивна подготовка и потпишување онаму каде сеуште не се потпишани и други прашања.
За жал и покрај писменото барање и неколку телефонски јавувања и испратено уште едно писмо, до овој момент не е воспоставен никаков контакт со Министерот за економија, Министерот за финансии и Министерот за локална самоуправа. Тие не најдоа за потребно ниту телефонски да одговорат, зошто толку долго не можат или не сакаат да разговараат со претставниците на синдикатот. Ако сметаат дека тоа зависи од нивната волја и желба, тогаш навистина се во голема заблуда. Ако не знаат дека синдикатот бара средба со нив како социјален партнер, тогаш треба да се заинтересираат што значи социјалното партнерство и како тоа се реализира.

**СЕДМА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (20. 12.2006 ГОДИНА)**



# Од ветувања не се живее – Синдикатот мора да се спротивстави

**Во врска со разговорите во Министерството за правда за проблемите на вработените во правосудните органи и КПУ на седницата беше констатирано дека „такви приказни" сме слушнале повеќе пати до сега. Од ветувања не се живее а претседателот на Врховниот суд и натаму одбива да преговара со синдикатот. Затоа судската полиција својот револт ќе го искаже со протест пред Врховниот суд на 25. 12.2006 година.**
**За барањето на синдикатот во врска со Одлуката за утврдување на ново работно време во јавната администрација, Владата не се изјаснува. Синдикатот на УПОЗ спроведе анкета меѓу своите членови кои без исклучок се изјаснија дека се „против". Затоа Претседателството донесе одлука почнувајќи од првиот работен ден во новата година, во знак на протест, нема да ја почитуваат таквата одлука и работното време ќе им почнува од 7,30 и ќе трае до 15,30 часот.**

Две значајни точки се најдоа на дневниот ред на Седмата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ и беа донесене две суштински одлуки кои можат да го одредат натамошниот правец на активностите на синдикатот. Членовите на Претседателството беа информирани дека на разговорите во Министерството за правда во врска со проблемите на вработените во правосудните органи и казнено – поправните установи, не ветуваат ништо ново. Имено и овојпат претставниците на синдикатот имаа можност да ја слушнат истата песна која и досега ја слушаа од секоја Влада. Нивните зборови обично се дека тие ги знаат состојбите, се прават напори тие да се надминат, но кога и како никако, да кажат. Иако се бара за почеток да се направи само еден мал но конкретен чекор со кој ќе се изврши корекција на платите на вработените кои не се државни службеници како и на државните службеници со пониски звања и на дел од вработените во казнено – поправните установи, власта не е подготвена ниту тоа да го направи. Од друга страна пак, за вработените во правосудните органи односно за нивните барања сеуште не може да се воспостави дијалог со претседателот на Врховниот суд на Македонија Дане Илиев. Ова значи дека и од него слушаме иста песна само во ново пакување.
Од овие причини на седницата беше констатирано дека синдикатот во овој период ги направи и ги презеде сите можни мерки и активности, ►►►►►

но очигледно е дека од другата страна не постои желба за дијалог и разбирање за заеднички договор. Со цел да се натера да седне на преговори со синдикатот претседателот на Врховниот суд, судските полицајци уште од порано најавуваа подготвеност да се организира протест. Согласно ваквата определба а имајќи предвид дека нема напредок, Претседателството денесе одлука да се организира протест
на 25 декември 2006 година
пред Врховниот суд на РМ.
Одлуката на Владата за утврдување на новото работно време беше втората точка по која се расправаше на седницата. Имено реакциите на синдикатот не беа доволна причина Владата да ја преиспита својата одлука. По разговорот кај потпреседателот Зоран Ставревски, синдикатот сеуште чека на одговорот. Во меѓувреме Синдикатот на УПОЗ презеде активност преку анкета да го слушне мислењето на своето членство. Сите синдикални организации, беше констатирано на седницата, кои одговорија на анкетниот прашалник, без исклучок одговорија дека се против новото работно време.
Паралелно со ова Сојузот на синдикатите на Македонија упати писмо до Владата со последно барање, најдоцна до 27. 12.2006 година да се произнесе по барањето на синдикатот за враќање на старото работно време. Во писмото стои и тоа дека доколку Владата не ја промени одлуката до посочениот термин, синдикатите од јавниот сектор ќе донесат одлуки и ќе го повикаат своето членство да се вратат на старото работно време.
Согласно ваквите ставови, членовите на Претседателството на Синдикатот ма УПОЗ донесоа одлука почнувајќи од 1 јануари 2007 година да ги повика сите синдикални организации во знак на протест да работаат од 7,30 до 15,30 часот.
Со одлуката ќе бидат информирани сите синдикални организации на УПОЗ кои се должни да ја спроведат бидејќи тоа е барање на членството кое го покажа и анкетата.

**НА СРЕДБА ВО ЦРНА ГОРА**

# Иницијатива преточена во повелба за соработка

На состанокот во Црна Гора од 22 јуни 2006 година чиј домаќин беше Синдикатот на управата и правосудството на Црна Гора што се одржа во Бечиќи учествуваа повеќе синдикални делегации од регионот. Меѓу присутните беше и делегацијата на Синдикатот на УПОЗ. На средбата беше потпишана Изјава за намери со која потписниците оценија дека е потребно да се воспостави регионална соработка меѓу синдикатите на вработените во државната управа и правосудството. Со таквата соработка, заклучија учесниците, ќе се создадат услови за размена на информации и синдикални искуства во борбата за остварување на професионалните и економските интереси на членството.
На оваа средба беше оценето дека сите синдикати од регионот ќе учествуваат во креирањето на Повелбата која би ја потпишале синдикатите кон крајот на септември на состанокот во Тиват.
Со ставање на потписите на Изјавата потписниците воедно му дадоа поддршка на Синдикатот на управата и правосудството на Црна Гора во водењето на овие активности.
Договореното се реализира на состанокот во Тиват што се одржа на 23 септември 2006 година.
Повелбата ја потпишаа девет синдикати од регионот а текстот на Повелбата го објавуваме во целост.

### П О В Е Л Б А
*за меѓусебна соработка*

*Поаѓајќи од фактот дека имаат идентични програмски цели, потписниците на оваа повелба врз основа ма заеднички изразената волја, одлучија да воспостават цврста и континуирана соработка и на тој начин дополнително да ги развиваат и засилуваат сопствените ресурси во извршувањето на својата мисија така што*

*

*ќе ги разменуваат стекнатите искуства*

*

*ќе разменуваат податоци и информации од значење за стекнување и заштита на статусните права на вработените*

*

*ќе ги збогатуваат содржините и етодите на синдикалната работа*

*

*ќе ги осмислуваат заедничките проекти за подобрување на работно - социјалните услови и заштитата на здравјето на вработените а посебно на вулерабилните групи*

*

*ќе ги реализираат заедничките информативно - едукативни кампањи*

*

*ќе организираат културни, спортски и хуманитарни манифестации од синдикално - промотивен карактер*

*Во Тиват, 23.09.2006 година*

**IMPRESSUM**
**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**
12 Ударна бригада 66 – Скопје, тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829; www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува: Пецо Груевски • Подготовка за печат “Макформ” • Тираж 600 примероци